Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-615/2
15-11-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–615/1 од 16.9.2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-615/1 од 16.9.2024 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

## Образложение

На 16.9.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основ на претпоставена политичка афилијација во областа на правосудство и управа, против Јавното претпријатие за државни патишта и ВД Директорот на истото – Коце Трајановски.

Подносителот на претставката за заштита од дискриминација наведува дека од страна на ЈП за државни патишта била спроведена постапка за јаван набавка по Оглас за јавна набавка бр. 06617/2024 од 9.4.2024 година, при што истакнато е дека покрај спецификациите, за конкретната јавна набавка како критериум била предвидена и најниската цена од понудените добавувачи. Оттука, до крајниот рок биле доставени 4 понуди меѓу кои била и понудата на [redacted] која е во сопственост и раководство на подносителот. Во продолжение на ова, во претставката е наведено дека врз основа на електронски генерираниот извештај од спроведената електронска аукција, комисијата за јавни набавки при ЈПДП изготвила извештај од спроведена постапка бр. 08-4300/23 од 17.6.2024 година во кој бил даден предлог да е избере понудата на , [redacted] како најповолна, при што ваквиот предлог бил прифатен од страна на тогашниот директор на ЈПДП Ејуп Рустеми, донесувајќи одлука за избор на најповолна понуда бр. 02-4300/25 на 17.6.2024 година.

Во продолжение на ова, во претставката е наведено дека Бирото за јавни набавки на ден 18.6.2024 година извршило управна контрола за која бил направен записник бр. 17-991/3 од 27.6.2024 година според кој ЈП за државни патишта требало да изврши повторна евалуација на понудата на еден од четирите понудувачи – [redacted] Битола, за што ЈПДП дало дополнително образложение по управната контрола бр. 08-4300/28 кое Бирото за јавни набавки го прифатило и изготвило Измена на записник бр. 17-991/6 на 5.7.2024 година во кој било наведено дека не се утврдуваат неправилности кои влијаат врз исходот на постапката за јавна набавка. Во продолжение на претставката е наведено дека 2 дена пред носењето на ваквата измена на записник, Управниот одбор на ЈП за државни патишта го разрешило дотогашниот директор Ејуп Рустеми и како ВД директор било назначено лицето Коце Трајановски. Согласно наведеното дека новиот ВД директор донел одлука за изменување на Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 02-4300/25 од 17.6.2024 со која целосно се поништува постапката врз основа на член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавни набавки кој предвидува дека договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка ако оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,

во образложението на ваквата одлука било наведено дека на првобитната одлука имало жалби од сите четири понудувачи кои имале спротивставени жалбени наводи, за кои подносителот тврди дека биле отфрлени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Подносителот на претставката за заштита од дискриминација наведува дека поднел жалба против одлуката со која се поништува изборот на [redacted] до Државната комисија за жалби по јавни набавки, при што ЈП за државни патишта до наведената комисија одговор на жалбата поднесена од страна на [redacted] со предлог истата да биде одбиена, следствено на што наведената комисија донела Решение бр. 09-725/13 на 15.8.2024 година, согласно чиј диспозитив жалбата на , [redacted] се одбива како неоснована, потврдувајќи го наведеното дека постоеле битни пропусти или недостатоци во тендерската документација.

На крајот на претставката, подносителот истакнува наводи за незаконско поништување на постапката за јавна набавка од страна на новиот директор Коце Трајановски преку пречекорување на своите овластувања и малициозно постапување.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека во описот на претставката не станува збор за повреда на правото на еднаквост согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што тврдењето за сторена дискриминација врз дискриминаторските основи наведени во претставката не е сторено веројатно.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти и околности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја во предвид содржината на претставката и наводите во однос на донесеното решение од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот да покрене управен спор пред Управниот суд согласно член 170 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник број 87/2021).


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
15.11.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
[redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North
Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk